РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# УПАТСТВО

**за начинот на однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи во услови на прогласена вонредна состојба предизвикана од појавата на коронавирус COVID-19 и препораки со цел спречување на внесување и ширење на коронавирусот**

Скопје, април 2020 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), министерот за внатрешни работи донесе

**УПАТСТВО**

**за начинот на однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, во услови на прогласена вонредна состојба предизвикана од појавата на коронавирус COVID-19 и препораки со цел спречување на внесување и ширење на коронавирусот**

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството), во услови на прогласена вонредна состојба предизвикана од појавата на коронавирус COVID-19, како и препораки со цел спречување на внесување и ширење на коронавирусот.

Член 2

Под поимот лична заштитна опрема во смисла на ова упатство се подразбира маска и ракавици, а дополнителна заштитна опрема се очила и работен заштитен комбинизон.

**I. Работници во директен контакт со странки**

Член 3

Во извршувањето на работите и работните задачи, работниците во организациски единици во Министерството, кои согласно утврдената надлежност се во директен контакт со странки , задолжително треба да ги почитуваат следните препораки:

- да одржуваат растојание од 1,5 до 2 метри помеѓу странките и да се избегнуваат меѓусебни блиски респираторни контакти;
- во просториите да се овозможи присуство најмногу до три странки;
- да носат лична заштитна опрема во случај кога шалтерите се без стаклена изолација и се на помалку од 1,5 метар растојание од странката;
- во случај кога фотографираат и земаат отисоци за изготвување на документи задолжително да носат лична заштитна опрема;
- доколку има потреба за наплата истата да се врши со електронски картички;

- да вршат почесто правилно миење на рацете (20-30 секунди со сапун и вода), особено по завршување на смената.

По завршување на работниот ден, хигиеничарките е потребно да спроведат темелно механичко чистење и да се употребуваат средства за чистење и дезинфекција на просторот, на база на хлор.

Хигиеничарките од ставот 2 на овој член задолжително да носат лична заштитна опрема.

Член 4

Министерството обезбедува средства за дезинфекција на раце за работниците кои работат во директен контакт со странки.

Член 5

Услугите кои се во надлежност на Министерството, а за кои е предвидена можност да се обезбедат по електронски пат, истите да се спроведуваат на тој начин.

**II. Работници кои работните задачи ги извршуваат во канцелариски простории**

Член 6

За работниците во Министерството, кои согласно утврдената надлежност своите работни задачи ги извршуваат во канцелариски простории задолжително да се почитуваат следните препораки:

- во канцелариите да се лимитира бројот на работници до таа мера да бидат на растојание од 1,5 до 2 метри;
- во канцелариите задолжително да се обезбеди средство за дезинфекција на раце и работни површини;
- во текот на работното време да се почитуваат препораките за лична и општа хигиена (зачестено миење на раце, 20-30 секунди со сапун и вода) или дезинфекција со употреба на дезинфекциони средства на база на алкохол;
- да се врши почесто проветрување на работните простории односно повеќе пати во текот на денот;
- да се лимитира движење до минимални услови меѓу вработените лица, а лицата кои носат хартиени документи за потпис задолжително да носат заштитна маска и ракавици;
- потпишувањето на хартиени докумени да се спроведува исклучиво преку едно одредено лице кое носи лична заштитна опрема на себе;
- да не се одржуваат состаноци/колегиуми, односно истите да се одржуваат по телефон или по електронски пат, а доколку е возможно во

сала со почитување на оддалеченост на присутните на растојание од 1,5 до 2 метри.

Член 7

Во случај кога во канцелариите нема можност да се лимитира бројот на работници до таа мера да бидат на растојание од 1,5 до 2 метри, работниците во просторијата задолжително треба да носат лична заштитна опрема.

Член 8

Во периодот на паузата, не е дозволено групирање на работниците во групи поголеми од две лица.

Член 9

Министерството овозможува на секои 14 (четиринаесет) дена и по потреба да се врши дезинфекција на сите работни простории, како и обезбедува средства за дезинфекција.

## III. Работници во Министерството кои своите работни задачи ги извршуваат на терен

Член 10

Работниците во Министерството кои согласно утврдената надлежност своите работни задачи ги извршуваат на терен, задолжително треба да ги почитуваат следните препораки:

- при извршување на службените задачи на терен задолжително да носат лична заштитна опрема;
- во контакт со странки да го почитуваат растојанието од 1,5 до 2 метри;
- при примена на полициските овластувања да одржуваат соодветна дистанца со лицето/та;
- по секое приведување на лице со службено возило или транспорт на лице по било кој основ со службено возило да извршат дезинфекција на возилото;
- при транспорт на лица со службено возило да се придржуваат до препораките за превезување на што помал број на лица во возилото;
- по завршување на секоја активност на терен задолжително да вршат миење на рацете со сапун и вода (20-30 секунди);
- по завршување на смената заштитната опрема да се одложува во посебна корпа за смет, која пред изнесувањето се става во посебна црна вреќа, со цел да не се меша медицинскиот отпад од личната заштитна опрема со останатиот отпад.

## IV. Постапување во случај на позитивен лабораториски потврден случај на коронавирусот COVID-19 на работник во Министерството

Член 11

Во случај на позитивен лабораториски потврден случај на коронавирусот COVID-19 на работник во Министерството (со или без симптоми), раководителот на организациската единица во која е утврден позитивен лабораториски потврден случај на коронавирусот COVID-19 на работник, го известува Центарот за јавно здравје и му доставува комплетни податоци за позитивниот работник/ци на COVID-19 (име и презиме, адреса, тел.број).

Член 12

По направениот епидемиолошки увид од страна на Центарот за јавно здравје и направената проценка на ризик, се дефинира листата на лица кои со решение од Државниот санитарен и здравствен инспекторат се ставаат под здравствен надзор за домашна изолација во траење од 14 дена.

Член 13

По извршеното темелно механичко чистење на просторијата и дезинфекција од страна на овластена служба за дезинфикација, дезинсекција и дератизација, се продолжува со редовните работни активности.

## V. Контрола на спроведување на препораките

Член 14

Раководителите на организациските единици во Министерството задолжително треба да се грижат, како и да вршат контрола над почитувањето на препораките од страна на работниците со кои раководат.

Член 15

Раководителите на организациските единици во Министерството, во зависност од ризикот на внесување и ширење на коронавирусот, а со цел спречување може да одлучат работниците покрај личната заштитна опрема, задолжително да носат и дополнителна заштитна опрема.

**VI. Завршна одредба**

Член 16

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Број: 13.1.1 36320/1
Датум: 10-04-2020

**Министер за внатрешни работи**
**Наќе Чулев**

**Дополнителен заменик**
**на министерот за внатрешни работи**
**Славјанка Петровска**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME

# U D H Ë Z I M

Për mënyrën e sjelljes të punonjësve në Ministrinë e Punëve të Brendshme në kushte të shpalljes së gjendjes së jashtëzakonshme nga paraqitja e koronavirusit COVID 19 dhe rekomandime me qëllim parandalimin e përhapjes të koronavirusit

**Shkup, Prill 2020**

Në bazë të nenin 55 pika 1 nga Ligji për organizimin e punës të organeve të administratës shtetërore ( Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.58/2000,44/2002, 82/2008, 167/10 dhe 51/11) dhe (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.96/19 dhe 110/19), Ministri i Punëve të Brendshme solli

## UDHËZIM

Për mënyrën e sjelljes të punonjësve në Ministrinë e Punëve të Brendshme në kushte të shpalljes së gjendjes së jashtëzakonshme nga paraqitja e koronavirusit COVID 19 dhe rekomandime me qëllim parandalimin përhapjes të koronavirusit

### Neni 1

Me këtë udhëzim rregullohet mënyra e sjelljes të punonjësve në Ministrinë e Punëve të Brendshme (në tekstin në vijim: Ministrisë), në kushte të gjendjes së shpallur të jashtëzakonshme e shkaktuar nga paraqitja e koronavirusit COVID 19, si dhe rekomandime me qëllim parandalimin e përhapjes së koronavirusit.

### Neni 2

Me termin pajisje mbrojtëse personale në kuptimin e këtij Udhëzimi nënkuptojmë maskat dhe dorezat, ndërsa pajisje plotësuese mbrojtëse janë syzat dhe veshjet mbrojtëse.

## I. Punonjës në kontakt direkt me palët

### Neni 3

Në kryerjen e punëve dhe detyrave punuese, punonjësit në njësitë organizative në Ministri, të cilët në pajtim me kompetencat e përcaktuara janë në kontakt direkt me palët, janë të obliguar t'i respektojnë rekomandimet në vijim:

- Të mbajnë distancë prej 1,5 deri 2 metra ndërmjet palëve dhe të evitojnë kontakte të afërta respiratore;
- Në ambiente të munëdsohet prezenca e më së shumti 3 palëve;
- Të mbajnë pajisje personale mbrojtëse në raste kur sportelet janë pa izolim prej qelqi dhe janë në distancë më të vogël se 1,5 m nga palët;

- Në raste kur fotografojnë dhe marrin gjurmë të gishtërijve për përgaditjen e dokumentit, janë të obliguar të mbajnë pajisje personale mbrojtëse;
- Nëse ka nevojë të bëhet pagesa, e njejta të bëhet me kartela elektronike;
- Më shpesh dhe me rregull t'i lajnë duart(20-30 sekonda me sapun dhe ujë), veçanërisht pas mbarimit të ndërimit.

Pas mbarimit të orarit të punës, pastrueset duhet të bëjnë pastrim të thellë mekanik dhe të përdorin mjete për pastrim dhe dezinfektim të ambientit në bazë të klorit.

Pastrueset nga Pika 2 e këtij neni janë të obliguara të mbajnë pajisje personale mbrojtëse.

**Neni 4**

Ministria siguron mjete për dezinfektim të duarve të punonjësve të cilët punojnë drejtëpërdrejtë me palët.

**Neni 5**

Shërbimet të cilat janë në kompetencë të Ministrisë, për të cilat është paraparë mundësia të sigurohen në mënyrë eletronike, të njejtat të kryhen në atë mënyrë.

**II.Punonjës të cilët detyrat e kryejnë në zyra**

**Neni 6**

Për punonjësit e Ministrisë, të cilët sipas kompetencave të pëcaktuara detyrat e tyre i kryejnë në zyra, janë të obliguar t'i respektojnë rekomandimet në vijim:

- Nëpër zyre të kufizohet numri i punonjësve deri në atë masë që të jenë në distancë prej 1,5 deri në 2 metra;
- Nëpër zyre patjetër të sigurohet mjet për dezinfektim të duarve dhe sipërfaqeve punuese;
- Gjatë orarit të punës të respektohen rekomandimet për higjienë të përgjithshme personale ( larja e shpeshtuar e duarve, 20-30 sekonda me sapun dhe ujë) ose dezinfektim me përdorim të mjeteve dezinfektuese në bazë të alkoolit;
- Të bëhet ajrosje më e shpeshtë e ambienteve punuese, gjegjësisht disa herë gjatë ditës;
- Të kufizohet lëvizja ndërmjet punonjësve deri në kushte minimale, ndërsa personat që mbajnë dokumenta për nënshkrim janë të obliguar të mbajnë maskë mbrojtëse dhe doreza;
- Nënshkrimi i dokumenteve të kryhet vetëm përmes një personi të caktuar i cili mban pajisje mbojtëse me vete;

- Të mos mbahen mbledhje/kolegjiume, gjegjësisht të njejtat të mbahen përmes telefonit ose përmes rrugës elektronike, ndërsa nëse është e pamundur, në sallë të respektohen distancë perj 1,5-2 metra në mes të pranishmive.

**Neni 7**

Në raste kur në zyre nuk ka mundësi të kufizohet numri i punonjësve ashtu që në mes tyre të mos ketë distancë prej 1,5-2 metra, punonjësit në zyre janë të obliguar të mbajnë pajisje mrojtëse personale.

**Neni 8**

Gjatë kohës së pauzës, nuk lejohet grupimi i punonjësve në grupe më të mëdha se dy persona.

**Neni 9**

Ministria mundëson në çdo 14 (katërmbëdhjetë) ditë dhe sipas nevojës të bëhet dezinfektimi i ambienteve punuese si dhe siguron mjete për dezinfektim.

**III.Punonjës të Ministrisë të cilët detyrat punuese i kryejnë në teren**

**Neni 10**

Punonjësit të cilët sipas kompetencave të pëcaktuara, detyrat e tyre punuese i kryejnë në teren, janë të obliguar t'i respektojnë rekomandimet në vijim:

- Gjatë kryerjes të detyrave zyrtare në teren janë të obliguar të mbajnë pajisje mbrojtëse personale;
- Gjatë kontaktit me palët ta respektojnë distancën prej 1,5-2 metra;
- Gjatë zbatimit të autorizimeve policore të mbajnë distancë adekuate me personin/personat;
- Pas çdo privimi të personit me veturë zyrtare ose transport të personit në çfarë do lloj baze, të bëjnë dezinfektim të veturës;
- Pas mbarimit të çdo lloj aktiviteti në teren, janë të obliguar t'i lajnë duart me sapun dhe ujë (20-30 sekonda);
- Pas mbarimit të ndërimit, pajisjet mbrojtëse të vëndohen në shportë për mbetje, e cila para se të zbrazet vëndohet në qese të veçanta të zeza, me qëllim të mos përzihen mbetjet medicinale nga pajisja mbrojtëse personale me metjet tjera.

**IV.Veprimet në rast të rastit të konfirmimit pozitiv laboratorik të koronavirusit COVID 19 të punonjësit të Ministrisë**

**Neni 11**

Në rast të konfirmimit pozitiv laboratorik të koronavirusit COVID 19 të punonjësit të Ministrisë (me ose pa simptoma), udhëheqësi i njësisë organizative ku

është vërtetuar rasti pozitiv laboratorik i koronavirusit Covid 19 i punonjësit, e lajmëron Qendrën për Shëndet Publik dhe i dorëzon të dhëna për punonjësin/it me COVID 19 (emër, mbiemër, adresë, nr.tel).

**Neni 12**

Pas verifikimit epidemiologjik nga ana e Inpektoratit Shtetësor Sanitar dhe vlerësimit të rrezikut, definohet lista e personave të cilët me vendim të Inspektoratit Shtetëror Sanitar vendosen nën mbikqyrje mjekësore për vetë-izolim shtëpiak në zgjatje prej 14 ditëve.

**Neni 13**

Pas mbarimit të pastrimit të thellë mekanik dhe dezinfektimit të ambientit nga ana e shërbimeve të specializuara për dezinfektim, dezinsektim dhe deratizim, vazhdohet me aktivitetet e rregullta punuese.

## V.KONTROLLI I ZBATIMIT TË REKOMANDIMEVE

**Neni 14**

Udhëheqësit e njësive organizative në Ministri janë të obliguar të kujdesen si dhe të kontrollojnë respektimin e rekomandimeve nga ana e punonjësve me të cilët udhëheqin.

**Neni 15**

Udhëheqësit e njësive organizative në Ministri, varësisht nga rreziku i përhapjes së koronavirusit, ndërsa me qëllim parandalimin, mund të vendosin që punonjësit krahas mbajtjes së pajisjes mbrojtëse, të jenë të obliguar të mbajnë edhe pajisje mbrojtëse plotësuese.

## VI.Dispozita përfundimtare

**Neni 16**

Ky udhëzim hyn në fuqi ditën e ardhshme nga dita e sjelljes së tij.

Numër: 13.1.1-36320/1

Data 10.04.2020

**Ministër i Punëve të Brendshme**
**Naqe Çulev**

**Zavedës Ministër Plotësues i Punëve të Brendshme**
**Sllavjanka Petrovska**